Општина Валандово

**З А П И С Н И К**

од

спроведен електронски анкетен прашалник за креирање на
Буџетот на Општина Валандово за 2025 година

На ден 18.11.2024 година, на официјална веб страна www.valandovo.gov.mk и на официјалните facebook страни, Општина Валандово објави електронски анкетен прашалник за креирање на Буџетот на Општина Валандово за 2025 година.

Овој анкетен прашалник траеше од 18.11.2024 – 30.11.2024 година.

Цел на анкетниот прашалник беше поголема вклученост на граѓаните, здруженијата, граѓанските организации и бизнис секторот во креирање на Буџетот на Општината со придонес од свои идеи и предлози.

На анкетниот прашалник имаше шест полиња за одговор и тоа:

- Пол,
- Возраст,
- Национална припадност,
- Населено место,
- Област на проблем, предлог или идеја и
- Опси на проблем, предлог или идеја (во кратки црти);

**Согласно податоците од граѓани кои го пополниле анкетниот прашалник вкупно се добиени 78 одговори на проблеми, предлози или идеи.**

- Според полот вкупно одговориле 50 мажи и 28 жени,
- Според возраста 25 одговори се од граѓани кои се под 30 години, 45 одговори се од граѓани кои се помеѓу 30-64 години и 8 одговори од лице кое е над 64 години,
- Според националноста одговори пристигнаа од 74 лица од македонска националност, 3 лица од турска националност и 1 лице од српска националност и

- Според населено место имаме 65 одговори за/од Валандово, 3 за/од Јосифово, 3 за/од Горна Маала, 2 за/од Чалакли, по 2 за/од Брајковци и Пирава, по 1 за/од Казандол, Грчиште и Дедели.

**Согласно податоците граѓаните дале предлози и идеи во неколку области, и тоа:**

- За областа Улици, патишта и тротоари има вкупно 20 огодовори,
- За областа Млади, спорт и кулутира има вкупно 10 одговори,
- За областа Улично осветлување има вкупно 2 одговори,
- За областите Образование и Кучиња скитници има по 5 одговори за секоја област,
- За областа Урбана опрема има 6 одговори,
- За областите Управување со отпад и Друго има по 5 одговори за секоја област,
- За областа Паркови и зеленило има вкупно 4 одговори,
- За областа Екологија и животна средина има вкупно 4 одговори,
- За областа Сообраќајна сигнализација 10 одговори и
- За областа Општински служби има вкупно 2 одговор.

**Во повикот за вклучување на граѓаните и организациите е забележано дека сите реално остварливи предлози и идеи ќе бидат разгледани од општинските служби и истите ќе бидат инкорпорирани во самиот Буџет, за што ќе биде објавена и дополнителна листа од истите.**

Изработил:
Владимир Лазов

**М.П**